## ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СУПСЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ТОРАКАЛНА РАДИОДИЈАГНОСТИКА

| | |
|---|---|
| **Област на суспецијализација** | **Торакална радиодијагностика** |
| **Звање кое се добива по завршување на суспецијализацијата** | **Суспецијалист по торакална радиодијагностика** |
| **Времетраење на суспецијализацијата** | **2 години (24 месеци)** |

**НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ**

**(предмети и времетраење на наставата)**

| | |
|---|---|
| 1.Торакална дијагностика | 10 месеци |
| 2. Класична томографија | 2 месеци |
| 3. КТ на торакални органи | 3 месеци |
| 4. Ангиокардиографија | 3 месеци |
| 5. Интервентна дијагностика на торакалните органи | 2 месеци |
| 6. Клиника за пулмоалергологија | 2 месеци |
| 7. Клиника за кардиологија | 1 месец |
| 8. Институт за торакални болести и ТБЦ | 1 месец |
| **ВКУПНО:** | **24 месеци** |

### 1. <u>ТОРАКАЛНА ДИЈАГНОСТИКА</u>

**Колоквиум**

Анатомија, хистологија, ембриологија и физиологија на торакалните органи. Нормална рендгенска анатомија на торакалните органи. Техника на радиодијагностички процедури. Клиничка слика, лабораторија и рендгенски морфолошки карактеристики на процеси на белите дробови, трахејата и бронхите, процеси на плеурата и медијастинумот. Радиолоики метеди на

испитување на срцето и големите крвни садови, нормална анатомија и патолошки процеси.

## 2. КЛАСИЧНА ТОМОГРАФИЈА

**Колоквиум**

Начин на изведување. Нормална анатомија на томографските слики и интерпретирање на патолошките процеси на томографските слики.

## 3. КТ НА ТОРАКАЛНИТЕ ОРГАНИ

**Колоквиум**

Познавање на анатомските структури на секој сегмент од трансверзалниот пресек на тораксот. Препознавање на патолошките промени. Запознавање со протоколот за КТ на торакалните органи.

## 4. АНГИОКАРДИОГРАФИЈА

**Колоквиум**

На Клиниката за кардиологија. Совладување на техниката на правење на дијагностичките и тераписките процедури.

## 5. ИНТЕРВЕНТНА ДИЈАГНОСТИКА НА ТОРАКАЛНИТЕ ОРГАНИ

**Колоквиум**

Совладување на техниката на трансторакална пункција на процеси во белодробието, плеурата и медијастинумот во дијагностички и тераписки цели.

## 6. КЛИНИКА ЗА ПУЛМОАЛЕРГОЛОГИЈА

**Колоквиум**

Запознавање со Клиниката, лабораторијата, начинот на дијагностика и терапија на оболувањата на белите дробови, плеурата, медијастинумот и на трахејата и бронхиите.

## 7. КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА

**Колоквиум**

Запознавање со Клиниката, дијагностиката и лекувањето на срцевите и садовите заболувања.

## 8. ИНСТИТУТ ЗА ТОРАКАЛНИ БОЛЕСТИ И ТБЦ

### Колоквиум

Запознавање со Клиниката, начинот на дијагностицирањето и лекувањето на белодробната тубрркoлоза.

Ке се предвиди и престој на Институтот за Патологија со присуство на обдукции, гледање на микро и макро препарати на умрени од процеси на торакалните органи.

Супспецијализацијата ќе се изведува во Институтот за радиологија и горенаведените клиники и институти, согласно предметите на- ведени во програмата.

Супспецијалистичкиот испит ќе се полага пред комисија составена од три члена-наставници или научни соработници: радиодијагностичар, пулмоалерголог и кардиолог.